Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -6642/ 11
од 17 -07- 2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 16/2025

1.За извршител на работно место **Помошник раководител на Сектор за општи работи во Секторот за јавни набавки и општи работи –1 извршител**, со шифра на работно место УПР0101Б03000, се избира кандидатот **Игорче Арсовски.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-6642/6 од 14.07.2025 година, а во врска со Интерен оглас бр.16/2025 за работното место Помошник раководител на Сектор за општи работи во Секторот за јавни набавки и општи работи, изготви Записник од административната селекција бр.04-6642/9 од 16.07.2025 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен заради спроведување на интервју бр.04-6642/8 од 16.07.2025 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-6642/9 на огласот единствен пријавен уреден кандидат е Игорче Арсовски. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-6642/8 Комисијата во состав на записниот достави и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидт. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
Помошник раководител на Сектор
Милена Ѓоргиевска

------------------------

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓоргиевски

Доставено до:
- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива